**20251883885**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 септември 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ

Член 1

Со оваа одлука се формира Национален совет за финансиски истраги и конфискација на имот (во натамошниот текст: Советот), со цел зајакнување на мониторингот и следењето на спроведувањето на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со Акциски план 2025-2026.

Член 2

Советот го сочинуваат претседател и 11 членови на Советот и тоа:

1. Претседател на советот – заменик на претседателот на Владата на Репулбика Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење.

2. Членови на Советот:

- министерот за внатрешни работи;
- министерот за правда;
- министерот за финансии;
- јавниот обвинител на Република Северна Македонија;
- претседателот на Врховен суд на Република Северна Македонија;
- раководителот на Канцеларијата за поврат на имот (АРО Канцеларија);
- директорот на Бирото за јавна безбедност;
- директорот на Царинската управа;
- директорот на Управата за финансиска полиција;
- директорот на Агенцијата за управување со одземен имот и
- претседателот на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со Акциски план 2025-2026.

Член 3

Административно – техничките работи за потребите на Советот, ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – Кабинет на заменик на претседателот на Владата на Репулбика Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење.

Член 4

Советот се состанува на повик на претседателот на Советот четири пати годишно, а по потреба и почесто.

Член 5

Советот доставува годишен извештај за својата работа, односно за спроведување на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со Акциски план 2025-2026, до Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година, заради нејзино информирање.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-6107/9
9 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Комисија
и заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.